Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Бр. 13-3952/3 од 15.06.2021 год.**

**( врска бр. 13-2300 од 2020 год.)**

Врз основа член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18 и 168/2018), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 09-10814/4 од 25.12.2018 година ,Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10101/12 од 25.12.2019 година и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година за изработка на Предлог на Детален урбанистички план за Градска четврт Ј16, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

# **О Д Л У К А**

за организирање на јавна анкета и јавна презентација
по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт Ј16, Општина Кисела Вода,
Плански период 2020-2025

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација по Предлог план за Детален урбанистички план за Градска четврт Ј16, Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Јавната анкета по Предлог план за Детален урбанистички план за Градска четврт Ј16 , Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Кисела Вода (барака 7) –Голема сала, како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Член 3**

Јавната анкета ќе се одржи од 24.06.2021 – 09.07.2021, објавено во Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт Ј16, Општина Кисела Вода.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода (барака 6 ) како и преку информацискиот систем e-urbanizam.

**Член 4**

Јавна презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт Ј16, Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода на 29.06.2021 година (вторник ) во 10:00 часот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

ГРАДОНАЧАЛНИК

На Општина Кисела Вода

Филип Темелковски